**20210530798**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Врз основа на член 76 став 9 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ И ЗА НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на службената легитимација на вработените во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: легитимацијата) и начинот на нејзиното издавање.

Член 2

(1) Легитимацијата е со димензии 85 х 55 мм, изработена е на хартија со тежина од 200 гр. и е ламинирана со 120 микронски ламинатор.

(2) Образецот на легитимацијата е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Легитимацијата има важност сè додека лицето на кое му е издадена има статус на вработен во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: Дирекцијата).

(2) Најдоцна три дена по престанување на работниот однос, лицето ја враќа легитимацијата во Дирекцијата.

Член 4

(1) Легитимацијата се заменува со нова во случај на:

- промена на лични податоци на носителот,
- оштетување на легитимацијата или
- нејзино губење, односно кражба.

(2) Во случај кога легитимацијата е оштетена, вработениот при издавањето на новата легитимација ја враќа старата легитимација во Дирекцијата.

(3) Во случај кога легитимацијата е изгубена односно украдена, вработениот најдоцна три дена од дознавањето го известува директорот на Дирекцијата.

(4) Во случај кога легитимацијата е изгубена односно украдена, истата се огласува за неважечка во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за легитимацијата на вработените лица во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/05).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-139/3
2 март 2021 година
Скопје

Директор,
**Стојан Славески**, с.р.

Прилог




(Предна страна на легитимацијата)




(Задна страна на легитимацијата)








# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

претплатата за 2021 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
рок за рекламации: 15 дена.
жиро-сметка: 300000000188798.
депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
печат: печатница Напредок ДООЕЛ Тетово.